ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 03 - 1286 / 1
07.09.2023
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 102

Скопје, 7. 9. 2023 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 8**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Стр. 14**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (20100) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-986/3 од 5. 7. 2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 05 јули 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на тројца асистенти во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*", на ден 6. 6. 2023 година и во предвидениот рок се пријави:

1. ***М-р Ана Велинова***

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Биографски податоци*

Кандидатката м-р Ана Велинова е родена во 1983 година во Скопје. Средното образование го завршува во државното средно училиште - математичка гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје. Во 2009 година дипломира на Архитектонскиот факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, со тема „Програмско инфилтрирање – информативен центар, музеј, кафé, времено домување – Тврдина, Скопје" и се стекнува со звање Дипломиран инженер архитект. Во 2013 година магистрира на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, со тема „Пристапи во програмирањето и проектирањето во насока на претставување нови модели на повеќенаменски центри од областа на културата" и се стекнува со звање Магистер по архитектура и дизајн. Од 2016 година е докторант од областа на техничките науки на Докторските студии по архитектура и урбанизам - смер архитектура, на Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Загреб, Хрватска.

### *Наставно-образовна дејност*

• Во септември 2009 година е ангажирана во наставата на проектантски предмети на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.
Во рамките на Факултетот за архитектура и дизјан на УАКС зема учество во изведувањето на наставата на следните предмети:
- Втора година – Ентериер 1, Ентериер 2, Дизајн на мебел 1;
- Трета година – Дизајн на мебел 2;
- Четврта година – Студио внатрешна архитектура 1, Студио внатрешна архитектура 2, Елементи на внатрешна архитектура, Ентериер 1 - Брендирање на ентериери, Ентериер 2;
- Петта година – Студио внатрешна архитектура 3, Универзален дизајн, Интегративно студио внатрешна архитектура.

• Тутор на летна школа и работилници за архитектура:

- Меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС - Скопје (2018 - Материјални контури);
- Студентска работилница на УАКС под раководство на архитектите Пенезиќ и Рогина од Загреб (2014);
- Студентска работилница на УАКС во соработка со Општина Карпош (2011, проекти за реконструкција на две основни училишта во општина Карпош).

*Стручно-уметничка дејност и учество на изложби*

Од 2008 до 2010 година работи како соработник на архитектонски проекти во проектантското биро „Архипроект" во Скопје. Позначајни проекти на кои соработува и кои се претставени на Биеналето на македонска архитектура (БИМАС) се: „МК 9.50" и „МК 9.51" – станбени објекти на ул. Козле, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2012 (соработник на проект); „Игра" – станбен објект на ул. Софиска, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2010 (соработник на проект); „Џибар" – хотелски апартмани, Кожуф, изложба и публикација БИМАС 2010 (соработник на проект); „Белушка" – станбен објект во Бардовци, Скопје, изложба и публикација БИМАС 2008 (соработник на проект); Библиотека во Берово – конкурсен проект, изложба и публикација БИМАС 2008 (ко-автор на конкурсен проект).

Во 2011 година учествува на архитектонската изложба „Подмладување" отворена во културниот центар „Креактив" во Скопје, која има за цел активирање на напуштени објекти преку нивна пренамена, со проект за адаптација на фабриката за сапун „Цветан Димов" во медиатека.

*Учество на семинари*

- „Одржлива музејска култура во пост-пандемиските градови: студија на случај за Скопје" (2021 – Меѓународна конференција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје);
- Член на организациониот одбор на Меѓународната конференција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (2020, 2021).

*Научни публикации / објавени истражувања*

Кандидатката ги има објавено следните трудови: „Одржлива музејска култура во пост-пандемиските градови: студија на случај за Скопје" (2021 – Зборник на трудови од меѓународната конференција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје), „Музеј и структура - од линеарен до централен простор" и „Редефинирање на комуникацијата во современите музеи" (2017 - Годишен зборник на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип).

*Општествена дејност*

Во досегашниот ангажман на Факултетот за архитектура и дизајн била соработник во настава која се изведува во соработка со институции во Р. Македонија како дел од наставната програма на Факултетот. Наставната програма на која учествува е: соработка со град Струга (2018, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен центар во Струга), соработка со град Крушево (2016, предмет: Брендирање на ентериери, програма: ребрендирање на хотел „Илинден"; 2016, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен центар во Крушево), соработка со Национална галерија Мала

станица, Скопје (2016, предмет: Ентериер 2, програма: Канцелариски простор, Арт кафе, Концепт продавница – Национална галерија Мала станица, Скопје), соработка со Општина Дојран (2016, предмет: Ентериер 2, програма: ентериерно решение на општинска зграда во Дојран; 2015, предмет: Брендирање на ентериери, програма: Брендирање на туристички информативен центар, Брендирање на хотел, Брендирање на продавница за органска козметика во Дојран; 2015, предмет: Студио внатрешна архитектура, програма: Туристички информативен центар во Дојран), соработка со Музеј на град Скопје (2013, предмети: Студио внатрешна архитектура 2, Ентериер 2, Дизајн 2, програма: галериски изложбен простор на Музеј на град Скопје), соработка со Галерија Остен, Скопје (2012, предмет: Ентериер 2, програма: Галерија Остен и Арт хотел Остен), студентска работилница во соработка со Општина Карпош (2011, програма: проекти за реконструкција на две основни училишта во општина Карпош).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Ана Велинова искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ценејќи го сето предходно наведено, рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатот м-р Ана Велинова, согласно Законот за високото образование, да биде избран во соработничко звање *асистент* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Тони Васиќ, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. М-р Виолета Бакалчев, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Доц. Д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (20100) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-986/3 од 5. 7. 2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 05 јули 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на асистент во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*", на ден 6. 6. 2023 година и во предвидениот рок се пријави:

**2.** ***Владимир Десков, дипломиран инженер архитект***

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот Владимир Десков е родена на 2.7.1977 во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин" во Скопје. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Дипломирал во 2004 година под менторство на проф. д-р. Влатко П. Коробар. Во учебната 2011/2012 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, Хрватска. Докторската тема ја пријавил во 2020 под наслов: Модели на конструирање на модерноста: Архитектурата како алат за модернизација на Скопје во периодот 1945-1963 година.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за архитектура и дизајн, при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, кандидатот Владимир Десков учествува во изведувањето на наставата на студиите од прв и втор циклус на следните предмети:

Прв циклус
- Архитектонско проектирање 3
- Архитектонско проектирање 4
- Проектирање на јавни згради
- Историја на архитектурата и уметноста на Македонија 19 и 20 век
- Компјутерска графика 1
- Компјутерска графика 2
- Компјутерски апликации
- Индустриски дизајн

Втор циклус
- Архитектонско Студио 1
- Архитектонско Студио 2
- Архитектонско Студио 3

Покрај учеството во редовната настава, кандидатот учествувал како ментор и бил раководител на 4 сесии на Интернационалната летна школа за архитектура и дизајн во периодот 2014-2017 година.

**Научно-истражувачка и стручно-уметничка дејност**

Кандидатот Владимир Десков учествувал во повеќе меѓународни и национални научно-истражувачки проекти во рамки на поширок тим на истражувачи, кои се однесуваат на модерното архитектонско творештво во градот Скопје и Република С. Македонија:

- „Toward a Concrete Utopia: Architecture in Yugoslavia 1948-80“, финансиран од Музејот на модерната уметност од Њујорк, САД, 2018
- „The Future as a Project, Doxiadis in Skopje“, финансиран од Хеленскиот институт за архитектура од Атина, Грција, Министерството за култура на РСМ, Музејот „Бенаки“ од Атина, Грција и Музејот на град Скопје, во 2018 година;
- „WWII Monument SEE, Assessment of post world-war II Monuments in South East Europe in order to develop a new regional cultural route“; 2019
- “Forgotten Monuments”, финансиран од Creative Europe програмата на ЕУ, 2022-2023 година
- „Атлас на македонската модерна архитектура“, проект од национален интерес во културата од областа на архитектурата, финансиран од Министерството за култура на РМ, во 2022 година;
- „Улогата на жените архитекти во постземјотресната обнова на Скопје“, финансиран од Амбасадата на Швајцарија во РМ, во 2021 година.
- „Загрозени видови“, проект од национален интерес во културата од областа на архитектурата, финансиран од Министерството за култура на РМ, во 2018 година.
- „Скопските вертикали“, проект од национален интерес во културата од областа на архитектурата, финансиран од Министерството за култура на РМ, во 2017 година
- „Биографија на едно архитектонско дело: Телекомуникациски центар – Скопје, архитект Јанко Константинов“, проект од национален интерес во културата од областа на архитектурата, финансиран од Министерството за култура на РМ, во 2016 година
- „Невидливо Скопје“, проект од национален интерес во културата од областа на архитектурата, финансиран од Министерството за култура на РМ, во 2011 година

Како резултат на истражувањата од научно-истражувачките проекти, кандидатот објавил повеќе научно - истражувачки трудови во научни и стручни списанија, во зборници на трудови

од научни собири со меѓународен уредувачки одбор, како и во рамки на меѓународни научни конференции:

- Ivanovska Deskova, Ana, Jovan Ivanovski, and Vladimir Deskov. "Улогата на жените архитекти во пост-земјотресната обнова на Скопје" *Културан живот* 66, no. 1-2, June 2022.
- Ivanovska Deskova, Ana, Jovan Ivanovski, and Vladimir Deskov. "Manoeuvre." *Vesper. Journal of Architecture, Arts & Theory* no. 5, 2021.
- Ivanovska Deskova, Ana, Vladimir Deskov, and Jovan Ivanovski. "Skopje Resurgent: Experimental Practices in Architectural Preservation.", 17th DoCoMoMo Germany Conference – Modern Movement & Digital Challenges", Germany, Berlin, 5-7.03.2020
- Ivanovska Deskova, Ana, Vladimir Deskov, and Jovan Ivanovski. "Constructing the City of Solidarity: Alfred Roth's Elementary School in Skopje." Histories of Postwar Architecture 6 (October 29, 2020): 121–37
- Ivanovska Deskova, Ana, Jovan Ivanovski, and Vladimir Deskov. "Structure as A Symbol: Modernist High-Rises in Skopje." In MASE 18 - International Scientific Conference, 1490–99. Ohrid, 2019.
- Ivanovska Deskova Ana; Deskov, Vladimir; Ivanovski, Jovan. Challenging Disregard: The Case of the Telecommunication Center in Skopje. Studies In History And Theory Of Architecture
- Десков, В., Ивановска Дескова, А., Ивановски, Ј., Кон бетонската утопија: Архитектурата на Југославија 1948-1980. Културен Живот (1-2/2018), 66-75.
- Deskov V., Ivanovska Deskova A., Ivanovski J., Stiller A. Architektur im Mazedonischen Kontext / Macedonian Architecture in Context. Vienna
- Ivanovska Deskova, Ana; Deskov, Vladimir; Ivanovski, Jovan. Inclusiveness as Urban and Architectural Concept, The case of the postearthquake renewal of Skopje // Inclusive / Exclusive City / Skopje : City of Skopje, 2016. 172-191
- Ivanovski, Jovan; Ivanovska Deskova, Ana; Deskov, Vladimir. Post-socialist City in Transition: Emergence of Inclusiveness in Housing Design // Inclusive / Exclusive City / Skopje : City of Skopje, 2016. 154-171
- Ивановски, Ј., Ивановска Дескова А., Десков В. Биографија на едно архитектонско дело: Телекомуникациски центар Скопје, архитект Јанко Константинов. Скопје: Музеј на град Скопје
- Ивановски, Ј., Ивановска Дескова А., Десков В. и др. Наоди: Павиљон на Република Македонија на 14-та Интернационална архитектонска изложба - Биенале во Венеција.
- Ивановски, Ј., Ивановска Дескова А., Десков В. и Мицковски Г. Мартин Гулески, архитект. Скопје: ААМ
- Findings, Публикација, Павиљон на Република Македонија на 14-та Интернационална архитектонска изложба - Биенале во Венеција.
- Ивановски Ј, Десков В. (2014) Невидливо Скопје, Орис 85, стр. 224-235

Покрај публикуваните трудови, кандидатот Владимир Десков, како куратор, автор и коавтор, во повеќе културни институции во земјата и во странство, јавно ги претставил резултатите од своите повеќегодишни истражувања од областа на архитектурата во форма на изложба:

- „Атлас на македонската модерна архитектура“, Младински културен центар, Скопје (заедно со: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова); 2022
- „Улогата на жените архитекти во пост-земјотресната обнова на Скопје”, Музеј на Република С. Македонија, Скопје (заедно со: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова); 2021
- „Иднината како проект – Доксијадис во Скопје”, Музеј Бенаки, Атина, Грција (заедно со: Калиопи Амигдолу, Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова, Костас Цамбиакос); 2018
- „Загрозени видови”, Природонаучен музеј на Македонија (заедно со: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова); 2018
- „Скопските вертикали”, Музеј на град Скопје (заедно со: Јован Ивановски, Ана Ивановска Дескова, Владимир Десков); 2018
- „Конструирање на модернистичка утопија: архитектурата на постземјотресната обнова на Скопје, 1963-1981”, јавно изложбено претставување во Македонскиот центар во Њујорк, САД, реализирана на покана на Музејот на современата уметност - Скопје (заедно со: Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски); 2017
- „Скопје - архитектурата во македонскиот контекст”, јавно изложбено претставување на истакнатите примери на скопската модерна архитектура во Галеријата Рингтурм во Виена, Австрија (заедно со: Адолф Штилер, Ана Ивановска Дескова, Јован Ивановски); 2017
- „Биографија на едно архитектонско дело: Телекомуникациски центар Скопје на архитект Јанко Константинов”, Музеј на град Скопје; 2016
- „Наоди”, јавно изложбено претставување на Република Македонија на 14-та меѓународна архитектонска изложба Венециско биенале (дел од авторски тим, куратор: Јован Ивановски), Венеција; 2014
- „Аутбокс“ јавно изложбено претставување на архитектонски проекти на групите “СКАрС + Архитектри”, Музеј на град Скопје; 2011
- „100.000м2 за Скопје“, јавно изложбено претставување на архитектонски проекти на групите “СКАрС + Архитектри”, Музеј на град Скопје; 2009
- „Метамак отсечоци” - јавно изложбено претставување на Република Македонија на 11-та меѓународна архитектонска изложба Венециско биенале (дел од авторски тим, куратори: М.Бакалчев, М. Хаџи-Пуља, В.Коробар), Венеција, Италија; 2008
- „Македонска современа архитектура РЕ-откривање“, - јавно изложбено претставување на Република Македонија на конгресот на Меѓународната унија на архитекти (UIA) (заедно со: Александар Радевски, Мартин Пановски); 2008

**Стручно-апликативна дејност**

Кандидатот Владимир Десков самостојно или во соработка со колеги архитекти, учествувал во изработката на повеќе идејни архитектонски проекти и архитектонско-урбанистички конкурси:

- Идејно решение за семејна куќа, с. Горно Соње, Скопје, 2020
- Архитектонско-урбанистички проект „Bondscape“, Кагран, Виена, ЕУРОПАН 12, меѓународен конкурс, 2014
- Идеен проект за семејна куќа, нас. Тафталиџе, Скопје, 2011
- Идејно решение Центар Парк, Скопје, 2011
- Урбанистичко-архитектонски проект за згради за колективно домување за потребите на Министерство за одбрана, конкурс, 2010
- Урбано-архитектонски проект за типска повеќенаменска спортска сала за 1000 гледачи во Скопје, конкурс, 2010
- Урбано-архитектонски проект за повеќенаменска спортска сала за 3000 гледачи во Оштина Аеродром Скопје, 2010
- Идеен архитектонски проект за нова административна зграда на Општина Карпошво Скопје, 2010
- Архитектонски проект за катна гаража на Булевар “Мито Хаџивасилев Јасмин” во Скопје, конкурс, 2010
- Архитектонски проект за катна гаража на Булевар “Даме Груев” во Скопје, 2010, втора награда
- Урбано-архитектонски проект за нова административна зграда на Општина Карпош во Скопје, конкурс, 2010, прва награда
- Архитектонски проект за пешачки мост на реката Вардар во Скопје, конкурс, 2010
- Архитектонски проект за типска, монтажно-демонтажна повеќенаменска тезга, конкурс, 2009
- Урбано-архитектонски проект за Драмски Театар Скопје, конкурс, 2009, откуп
- 2008 Основен архитектонски проект за семејна куќа, село Нерези, Скопје, 2008
- 2008 Архитектонски проект за надградба на Градски Трговски Центар Скопје, 2007, конкурс, прва награда
- Архитектонски проект за Библиотека во Берово, конкурс, 2007
- Основен архитектонски проект, Повеќе-семејна станбена зграда, ул. Емил Зола, општина Кисела Вода, Скопје, 2006
- Идеен архитектонски проект за викенд куќа, село Горно Соње, Скопје, 2006

**Општествена дејност**

Во споменатиот период, кандидатот Владимир Десков бил професионално активен во повеќе организациски одбори и жири комисии:

- претседател на организационен одбор на Биеналето на македонската архитектура - БИМАС, 2018;
- член на организационен одбор на Биеналето на македонската архитектура - БИМАС,

2010
- член на организационен одбор на Биеналето на македонската архитектура - БИМАС, 2008
- Член на жири комисија за Голема годишна награда за архитектура во 2021 и 2008 година

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека м-р Владимир Десков искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

Ценејќи го сето предходно наведено, рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, кандидатот Владимир Десков, согласно Законот за високото образование, да биде избран во соработничко звање *асистент* по група предмети од областа на архитектонско проектирање (20100).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Тони Васиќ, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. М-р Виолета Бакалчев, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Доц. Д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ (20100) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 16-986/3 од 5. 7. 2023 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн, одржана на 05 јули 2023 година, определени сме за членови на рецензентска комисија за избор на тројца асистенти во соработничко звање по група предмети од областа на архитектонско проектирање и дизајн (20100) на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „*Нова Македонија*“, на ден 6. 6. 2023 година и во предвидениот рок се пријави:

- ***М-р Максим Наумовски***

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно - научниот совет на Факултетот за архитектура и дизајн да му го поднесеме следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

М-р Максим Наумовски, е докторанд на Архитектонскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Основно и гимназиско образование завршил во Скопје, Р. Македонија. Дипломирал 2009 година на Архитектонскиот факултет во Скопје при УКИМ, магистрирал 2013 година на Факултетот за архитектура и дизајн во Скопје при УАКС со тема „Архитектура на форми на однесување, простори на повеќезначност“ под менторство на проф. Минас Баклачев. Со значително искуство како архитект и урбанист работи на голем број проекти и истражувања во Македонија. М-р Максим Наумовски уште за време на студиите па сè до денес работи на низа архитектонски конкурси и проекти во и надвор од републиката. Од 2010 година работи како лаборант а потоа и како асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн при УАКС Скопје. Од 2015-2017 година работи како надворешен соработник во архитектонското студио Bosshard – Luchsinger architects office, во Виена, Австрија. Од 2018 година како дел од колективот ЛАТА работи на бројни истражувачки проекти и изложби. Од 2019 година во својство на координатор е дел од Еразмус + проектот ENABLE, проект на кој Универзитет Американ Колеџ Скопје е водечка организација. Во 2022 го основа архитектонското студио К87а со кое работи на бројни архитектонки проекти.

***Наставно-образовна дејност***

Во октомври 2015 е избран за Асистент по група предмети од областа на урбанизмот на Факултетот за архитектура и дизајн на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје.

Во рамките на Факултетот за Архитектура и дизјан на УАКС учество во изведувањето на наставата на следните предмети:

- **Втора година** – Архитектонско проектирање 3, Архитектонско проектирање 4

- **Трета година** – Основи на урбанизам

- **Четврта година** – Урбан дизајн 1, Урбан дизајн 2

- Ментор во програмата: Tempus Sehsi - Regional sustainable development on the basis of eco-human synergetic interaction,

- Kaiserschnitten Wiental, between Karlsplatz and Schonbrunn castle. Wien 01 - 09.07.2012
- The northern arch of Valencia: borderlines, transitions and connections. Valencia 29.07 - 05.08.2014
- "Boundaries and Borders" in UNIST, Split 29.08 – 12.09.2015
- City edges Winterthur, Winterthur 02.09 – 09.09.2017
- (Re)building Cities, Winterthur 31.08 – 08.09.2019

- Ментор и техничка асистенција во програмата: Common Cultural Heritage Preservation and Dialog between Turkey and the EU "Training on Cultural Heritage and Integrated Site Management". Sinop 14.03 – 18.03.2016

- Раководител на меѓународна летна школа за Архитектура, Охрид, УАКС – Скопје

- Материјални контури. Митеш Диксит, САД. 2018;
- Платформ туризам. Харалд Трап, Австрија. 2019;
- Поставка на пејзажот. Макс Босхард, Штефан Медер, Швајцарија. 2020.

- Стручно предавање на Факултетот за архитектура, дизајн и градежништво - ZHAW, (Re)building cities – case study Skopje во рамки на летниот семестар 2019 година. Winterthur, Switzerland

У*чество на семинари*

- Учествува на меѓуанародната конференција организаирана од УАКС со трудовите:
- *Implementation of the European Union regional policies in planning documents: The case of Macedonia.* Sasho Blazevski, MSc, Irina Grcheva, MSc, Maksim Naumovski, MSc. !0$^{th}$ annual international academic conference on European integration, Skopje, May 2014
- *Elements Of Workspace As Factors Of Workspace Satisfaction In The Banking Industries Macedonia* " 9th International conference on European integration, The Europe Of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated„ University American College Skopje (UACS)
- Building Code Myth or Reality: Evidence from the Western Balkans. Dimitrova, M. Dimitrov, O. Eremeeva N., V. Naumovski, M. Conference proceedings of the 10$^{th}$ International May Conference on Strategic Management IMKSM 2014, Bor, 23-25.05, 2014, p. 993
- New models of urbanity, a case study of the village of Chucher, Skopje. Naumovski, M. Veljanoski, P. Pejovski, M. 16th Annual international conference on European integration. University American College Skopje (UACS)

*Учество на изложби*

- БИМАС 2014, Архитектонски проект за едносемејна станбена куќа, населба Илинден; Проект за екстензија и пејзажно уредување на хотел Охрид; Проект за ентериерна реконструкција на административна зграда на АД Гранит во Скопје. Скопје
- БИМАС 2016, Архитектонски проект за нова административна зграда на Мерцедес во Скопоје. Конкурсен труд (прва награда), Скопје
- БИМАС 2018, Архитектонски проект за повеќесемејна станбена зграда на агол, Дебар маало, Скопје
- Thirteen ways of looking at the city. Curated by Daniel Serafimovski. SIA serious interest agency. Skopje
- Материјални Контури-Изложба на територијални истражувања, Скопје. Уредник и куратор. 2018;

*Стручно-уметничка дејност*

- Идеен архитектонски проект за седиштето на Мерцедес во Скопје, Македонија (прво место на отворен конкурс)
- Генерален урбанистички проект за градот Синоп, Турција. Office of Bosshard/Luchsinger
- Урбанистички проект за Seebad – Breitenbrunn, Austria. Конкурс, office of Bosshard/Luchsinger
- Архитектонски проект за реновирање и доградба на куќа од модернистичкото наследство на Скопје
- Архитектонски проект за куќа во населба Илинден, Скопје, Македонија
- Архитектонски проект за анекс на хотел Гранит, Охрид, Македонија
- Архитектонски проект за реконструкција и адаптација на куќа во село Чучер, Скопје, Македонија
- Архитектонски проект за куќа за две семејство во Маврово, Македонија
- Конзерваторско- реставраторски работи и адаптација на објектот Св.Сава на ул. “Нада Филева” бб во Охрид.
- Архитектонско-урбанистичка студија за населба во општина Сопиште, Скопје, Македонија
- Конкурсен труд/архитектонски проект за основно училиште во Подгорица, Црна гора

*Општествена дејност*

- Асоцијација на Архитекти на Македонија, член од 2010, член во Управен одбор 2016.година
- Член на организационен одбор за организација на XV Биенале на македонската архитектура БИМАС 2010 година
- Член на комисија на распишаниот студентски Конкурс за за адаптација и реанимација на кино сала во зграда за повеќесемејно домување “Железничка зграда” Скопје.
- Куратор на програмата за архитектура на Фестивалот за развој на креативните индустрии - СКОПЈЕ КРЕАТИВА 2019- ЗЕЛЕНО СКОПЈЕ
- Основач и претседател на граѓанското здружение за териотријални и архитектонски истражувања „Проект ЛАТА“ од Скопје кое работи на развивање, тестирање и

спроведување на механизми за одржлив развој преку реакции во архитектурата и урбанизмот.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупното дејствување и творештво, комисијата смета дека М-р Максим Наумовски искажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

М-р Максим Наумовски своето делување во образованието и во релациите со околината ги темели врз етичноста, хуманоста и прифатените високи професионални, уметнички и педагошки критериуми. Комисијата го истакнува неговиот стремеж и придонес во иновирањето на наставата во текот на изминатите академски пет години, работејќи како наставник на група предмети од области на архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за архитектура и дизајн. Наумовски на актуелните образовни тенденции им дава личен белег и наставата ја придвижува кон главните текови на архитектонското образование денес.

Ценејќи го сето предходно наведено, Рецензентската комисија со особена чест и со задоволство му предлага на Наставно-научниот Совет на Факултетот за архитектура и дизајн при Универзитетот Американ колеџ во Скопје, кандидатот М-р Максим Наумовски, согласно Законот за високо образование, да биде избран во звање *асистент* по стручно-уметнички предмети од областа на архитектонско проектирање (20100).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Тони Васиќ, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. М-р Виолета Бакалчев, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

Доц. Д-р Сашо Блажевски, с.р.

Факултет за архитектура и дизајн,

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE